ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОПАГАНДА
ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО
Бр. 0306 1286
08.07 2025 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 125 од Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ бр. 124/2011" и сите последователни измени), Организаторот на наградната игра Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШНС ДОО Скопје, ги утврди правилата на наградната игра:

## ПРАВИЛА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАГРАДНА ИГРА „ОСВЕЖИ СЕ И ОСВОЈ ВРЕДНИ НАГРАДИ"

### Член 1: Назив и седиште на трговското друштво

Организатор на Наградната игра **„ОСВЕЖИ СЕ И ОСВОЈ ВРЕДНИ НАГРАДИ"** е Друштвото за маркетинг и пропаганда ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје со седиште на ул. „Наум Наумовски - Борче" бр. 40, кат 4, 1000 Скопје, со ЕДБ 4030006611991 (во понатамошниот текст Организатор).

### Член 2: Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

Цел на наградната игра организирана од Друштвото за маркетинг и пропаганда ЕПП Комјуникејшенс ДОО е рекламирање на производите кои ги продава Пивара Скопје АД (Нарачател на наградната игра), односно рекламирање на трговските марки: минерална негазирана вода Rosa, ледените чаеви Fuzetea и негазираните освежителни безалкохолни пијалаци Powerade.

### Член 3: Име, времетраење и опис на наградната игра

3.1. Официјалното **име** на наградната игра е **„ОСВЕЖИ СЕ И ОСВОЈ ВРЕДНИ НАГРАДИ"**

3.2. **ВРЕМЕТРАЕЊЕ**: од 18.08.2025 до 02.10.2025 година. Учесниците во наградната игра, ќе можат да испраќаат пораки од 18.08.2025 година од 00:00:01 часот до 02.10.2025 година до 23:59:59 часот.

3.3 **ОПИС:** Во наградната игра ќе имаат можност да учествуваат сите полнолетни потрошувачи, жители на Република Северна Македонија кои во периодот од 18.08.2025 година до 02.10.2025 година на кое било продажно место по нивен избор ќе купат:

- **едно единечно пакување на минерална негазирана вода Rosa 0,5 л во пластична амбалажа, во комбинација со:**
- **едно пакување леден чај Fuzetea од 0,5 л ИЛИ едно пакување негазиран освежителен безалкохолен пијалак Powerade од 0,5 л.**

**Пакувањата на овие производи во стаклена амбалажа, пакувањата со количина помала или поголема од 0.5 л и мултипак пакувањата, не учествуваат во наградната игра.**

Детална листа на пакувања кои учествуваат во наградната игра е дадена како Прилог 1 и детална листа на пакувања кои не се опфатени со наградната игра е дадена како Прилог 2 кон овие Правила.

По купувањето на производите, потребно е потрошувачите да го испратат бројот на фискалната сметка испишан на горниот дел од сметката, датумот (ден и месец) и времето на купување (час и минути) преку СМС-порака на телефонскиот број **149449** достапен од операторите А1 и Македонски Телеком во Република Северна Македонија и да ја зачуваат фискалната сметка.

Пример на порака: #0145 18.08 12:15

Со испраќањето на СМС-пораката, учесниците стануваат потенцијални добитници на некоја од вкупно 235. награди од вкупниот награден фонд.

## Член 4: Територија

Наградната игра се организира и спроведува на територија на Република Северна Македонија.

## Член 5: Рекламирање

Наградната игра ќе се рекламира во електронските медиуми (социјални медиуми), како и на местата каде се продаваат производите: минерална негазирана вода Rosa, ледените чаеви Fuzetea и негазираните освежителни безалкохолни производи Powerade.

## Член 6: Награден фонд

Видот и вредноста на наградите е содржана во следнава табела:

| Тип на награда | Вкупно награди | Поединечна вредност на наградата со ДДВ | Вкупна вредност на наградата со ДДВ |
|---|---|---|---|
| Главна награда - вредносен ваучер за патување | 1 | 90.000,00 | 90.000,00 |
| Спортски велосипед Scott Scale 980 + Подарок Шлем Scott Supra | 6 | 63.410,37 | 380.463,00 |
| Apple iPhone 16 128GB Black | 6 | 54.499,72 | 326.999,00 |
| Garmin Smartwatch Venu 3 Stainless Steel Slate Black | 6 | 25.899,70 | 155.399,00 |
| Sony WH-CH720NB Bluetooth Wireless слушалки Noise Cancelling Black | 12 | 4.899,71 | 58.797,00 |
| Вредносен ваучер од Мега спорт | 12 | 4.500,00 | 54.000,00 |
| Спортска торба брендирана | 12 | 3.327,60 | 39.932,00 |
| Маица бреднирана | 60 | 944,00 | 56.640,00 |
| Капа брендирана | 60 | 472,00 | 28.320,00 |
| Термос брендиран | 60 | 295,00 | 17.700,00 |
| **ВКУПНА КОЛИЧИНА И ВРЕДНОСТ** | **235** | | **1.208.250,00** |

Вкупниот награден фонд на наградната игра изнесува 1.208.250,00 денари (еден милион двесте осум илјади и двесте педесет денари). Организаторот ќе има обврска да го подмири и данокот на личен доход согласно Законот за данок на личен доход на главната награда – вредносниот ваучер за патување со вредност од 90.000 ден., на шесте спортски велосипеди и кациги; на шесте Apple iPhone 16 и на шесте часовници Garmin.

Ваучерот за патување ќе може да се искористи најдоцна до 30.06.2026 година и се однесува на аранжман за патување во вредност од 90.000,00 денари.

Ваучерот за патување е издаден од Авиотурс Травел Сервис со седиште на ул. Петар Поп Арсов бр. 38 во Скопје и ги вклучува следниве услуги:

- Хотелско сместување надвор од Република Северна Македонија;
- Локален трансфер надвор од Република Северна Македонија;
- Трансфер од Република Северна Македонија до некој од околните аеродроми во соседството;
- Авионски билети на која било дестинација во светот;
- Организирани пакет аранжмани (може и да се од друга туристичка агенција од Република Северна Македонија);
- Патничко осигурување.

Ваучерот не може да се искористи за услуги во Република Северна Македонија. Добитникот не може да го замени својот ваучер за паричен износ еднаков на неговата вредност, ниту пак за кој било друг предмет. Вредноста на наградата не е делива и се искористува одеднаш во целост. Добитникот е одговорен за поседување валиден документ (пасош, лична карта и/или виза) за влез и престој во одбраната земја.

## Член 7: Услови за учество во наградната игра

- Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни физички лица, жители на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат и исполнуваат условите на овие правила.

- Во наградната игра учествуваат сите потрошувачи кои во периодот од 18.08.2025 до 02.10.2025 год. на продажните места во Република Северна Македонија, ќе купат едно единечно пакување на минерална негазирана вода Rosa 0,5 л. во пластична амбалажа во комбинација со едно пакување од линијата на производи на ледените чаеви Fuzetea 0,5 л ИЛИ едно пакување од линијата на негазираните освежителни безалкохолни производи на Powerade 0,5 л. по нивен избор.

- По купувањето на производите, потрошувачите со цел да станат учесници во наградната игра, треба да го испратат бројот на фискалната сметка испишан на горниот дел од сметката (на кој му претходи хаштаг), датумот (ден и месец) и времето на купување (час и минути, разделени со две точки) преку СМС-порака на телефонскиот број **149449** достапен само од операторите А1 и Македонски телеком во Република Северна Македонија. Испратената СМС-порака ќе се наплаќа од крајниот корисник по стандардната цена на СМС-порака на мрежниот оператор чиј претплатник е корисникот.

- Учесниците во наградната игра ќе можат да испраќаат СМС-пораки во периодот од 18.08.2025 година од 00:00:01 часот до 02.10.2025 година до 23:59:59 часот.

- Податоците во приложената фискална сметка треба да соодветствуваат со податоците испратени на СМС-пораката која е извлечена како добитник. Приредувачот нема да сноси никаква одговорност за СМС-пораките што не ги содржат потребните информации и нема да бидат земени предвид како валидни.

- Извлекувањата на сите 235 (двесте триесет и пет) награди ќе се вршат електронски по случаен избор во вкупно 7 извлекувања и тоа на: 29.08.2025 година; 05.09.2025 година; 12.09.2025 година; 19.09.2025 година; 26.09.2025 година и 03.10.2025 година и едно извлекување на главната награда на 03.10.2025.

- Во првото извлекување на 29.08.2025 година ќе учествуваат сите СМС-пораки испратени во периодот од 18.08.2025 од 00:00:01 до 28.08.2025 година до 23:59:59.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e Financave
Скопје / Shkup
VI

- Во второто извлекување на 05.09.2025 година ќе учествуваат сите СМС-пораки испратени во периодот од 29.08.2025 од 00:00:01 до 04.09.2025 година до 23:59:59.

- Во третото извлекување на 12.09.2025 година ќе учествуваат сите СМС-пораки испратени во периодот од 05.09.2025 од 00:00:01 до 11.09.2025 година до 23:59:59.

- Во четвртото извлекување на 19.09.2025 година ќе учествуваат сите СМС-пораки испратени во периодот од 12.09.2025 од 00:00:01 до 18.09.2025 година до 23:59:59.

- Во петтото извлекување на 26.09.2025 година ќе учествуваат сите СМС-пораки испратени во периодот од 19.09.2025 од 00:00:01 до 25.09.2025 година до 23:59:59.

- Во шестото извлекување на 03.10.2025 година ќе учествуваат сите СМС-пораки испратени во периодот од 26.09.2025 од 00:00:01 до 02.10.2025 година до 23:59:59.

- Исто така, на 03.10.2025 по завршувањето на шестото извлекување ќе се одржи и седмо извлекување на главната награда. Во ова извлекување ќе учествуваат сите недобитни СМС пораки испратени во периодот од 18.08.2025 од 00:00:01 ч. до 02.10.2025 година до 23:59:59 ч.

- На секое од 6-те извлекувања кои ќе се реализираат, ќе се доделат следните награди:
  **по 10** термоси;
  **по 10** капи;
  **по 10** маици;
  **по 2** спортски торби;
  **по 2** ваучера од МЕГА СПОРТ;
  **по 2** слушалки Sony;
  **по 1** часовник Garmin;
  **по 1** Apple iPhone 16;
  **по 1** Спортски велосипед и кацига;

- На седмото, последно извлекување кое ќе се одржи на **03.10.2025 г.** веднаш по 6-тото извлекување, ќе се извлече **главната награда - 1 вредносен ваучер за патување во вредност од 90.000 ден.**

- Со учеството во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на тие правила.

- Организаторот на наградната игра го задржува правото да ги одбие сите пратени броеви на фискални сметки кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин. Организаторот не одговара за повремени технички пречки, прекини на СМС-сообраќајот или прекини во интернет-сообраќајот.

- Секој учесник во наградната игра е должен фискалната сметка за купениот производ да ја чува до подигнувањето на потенцијалната награда, како услов да ја добие наградата.

- Сите СМС пораки кои ќе бидат испратени пред започнувањето на наградната игра како и сите СМС пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на наградната игра, нема да учествуваат во извлекувањето.

- Не постои никакво ограничување во поглед на бројот на испратени пораки, со различен број на фискална сметка, од страна на еден учесник. Една фискална сметка може да учествува во наградната игра само еднаш. Валидни ќе бидат само фискалните сметки

кои се издадени во периодот на времетраењето на наградната игра согласно член 3 од овие Правила.

- Сите испратени броеви на фискални сметки преку СМС-пораки ќе бидат автоматски верификувани од страна на координаторот на базата на податоци на наградната игра - НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ. По верификувањето, секој учесник во наградната игра ќе добие повратен одговор. Секој учесник со самото учество прифаќа да добие информативна порака.

Повратните СМС-пораки, односно одговори се следниве:

- Кога учесникот ќе го праќа бројот на фискалната сметка, датумот (ден и месец) и времето на купување (час и минути) напишано на фискалната сметка, во зависност од тоа во кој период ќе учествува, системот ќе испраќа одговор дека испраќачот е регистриран за учество во наградната игра и дека треба да ја чува фискалната сметка за доказ, доколку добие награда, со следниот текст:

  *Успешна пријава! Ви благодариме. Чувајте ја фискалната сметка до извлекувањето на 29.08 и до главното извлекување на 03.10. Повеќе инфо на www.polnacasa.mk*

  *Успешна пријава! Ви благодариме. Чувајте ја фискалната сметка до извлекувањето на 05.09 и до главното извлекување на 03.10. Повеќе инфо на www.polnacasa.mk*

  *Успешна пријава! Ви благодариме. Чувајте ја фискалната сметка до извлекувањето на 12.09 и до главното извлекување на 03.10. Повеќе инфо на www.polnacasa.mk*

  *Успешна пријава! Ви благодариме. Чувајте ја фискалната сметка до извлекувањето на 19.09 и до главното извлекување на 03.10. Повеќе инфо на www.polnacasa.mk*

  *Успешна пријава! Ви благодариме. Чувајте ја фискалната сметка до извлекувањето на 26.09 и до главното извлекување на 03.10. Повеќе инфо на www.polnacasa.mk*

  *Успешна пријава! Ви благодариме. Чувајте ја фискалната сметка до извлекувањата на 03.10.2025 година. Повеќе инфо на www.polnacasa.mk*

- Доколку учесникот испрати нецелосна порака, системот ќе испраќа одговор дека испратената порака не е правилно форматирана и ќе содржи пример како треба да изгледа пораката, со следниот текст:

  *Форматот на пораката е погрешен. Внесете го горниот број означен на сметката, датумот (ден.месец) и времето на купување (час:минути). Пр: #0000 00.00 00:00*

- Доколку биде испратена порака со претходно испратен број на издавање на фискалната сметка, датумот (ден и месец) и времето на купување напишано на фискалната (час и минути), системот ќе испраќа одговор дека испратениот број е веќе искористен, со следниот текст:

  *Неуспешна пријава. Испратената фискална сметка е веќе искористена. Ве молиме, обидете се повторно со друга фискална сметка. Ви благодариме.*

- Доколку биде испратена порака во периодот пред почетокот на наградната игра, системот ќе испраќа одговор на бројот од мобилниот телефон на лицето што се обидело да се регистрира дека наградната игра сè уште не е почната, со следниот текст:

  *Почитувани, наградната игра „Освежи се и освој вредни награди", започнува на 18.08.2025 година во 00:00:01. Повеќе информации на www.polnacasa.mk*

- Доколку биде испратена порака во периодот по завршувањето на наградната игра, системот ќе испраќа одговор дека наградната игра е завршена:

  *Почитувани, наградната игра „Освежи се и освој вредни награди', заврши на 02.10.2025 година во 23:59:59. Повеќе информации на www.polnacasa.mk*

  Со праќањето на СМС-пораката на телефонскиот број 149449 достапен само од операторите А1 и Македонски Телеком во Република Северна Македонија, секој учесник станува потенцијален добитник на награда.

## Член 8. Добитници во наградната игра

- Добитниците на шесте од седумте извлекувања на 29.08.2025 година; на 05.09.2025 година; на 12.09.2025 година; на 19.09.2025 година; на 26.09.2025 година и на 03.10.2025 година ќе се извлечат во 12 часот со помош на компјутерско извлекување преку алгоритам за случаен избор од базата на податоци по основ на пратената СМС-порака од секој учесник. Добитникот од 7-то извлекување на главната награда ќе се извлече на истиот начин со помош на компјутерско извлекување преку алгоритам исто така на 03.10.2025 во 12:15 часот.
- Наградите ќе се извлекуваат автоматизирано, без влијание на човечки фактор, од страна на специјално креиран софтвер за оваа намена инсталиран во просториите на НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на ул. Црвена Скопска Општина бб, 1000 Скопје.
- Базата на квалификувани учесници ќе биде составена од полнолетни потрошувачи на производите на Пивара Скопје АД кои купиле најмалку едно единечно пакување на минерална негазирана вода Rosa 0,5 л во пластична амбалажа во комбинација со едно пакување од линијата на производи на ледените чаеви Fuzetea 0,5 л ИЛИ едно пакување од линијата на негазираните освежителни безалкохолни производи на Powerade 0,5 л и кои го испратиле бројот на фискалната сметка испишан на горниот дел од сметката, датумот (ден и месец) и времето на купување (час и минути) преку СМС-порака на телефонскиот број **149449** достапен од операторите А1 и Македонски Телеком во Република Северна Македонија и добиле повратна порака дека испратениот број е примен и валиден.

- За спроведувањето на наградната игра ќе се грижи жири-комисија со членови составени од:
  1) Претставник од Пивара Скопје АД
  2) Претставник од ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје
  3) Претставник од НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

- Секое од 6 - те неделни извлекувања ќе започне прво со извлекувања на 10 термоси; потоа 10 капи; потоа 10 маици; потоа 2 спортски торби; потоа 2 ваучери од Мега спорт; потоа 2 слушалки Sony; потоа 1 часовник Garmin; потоа 1 Apple iPhone 16 и 1 спортски велосипед и кацига.

- На последното извлекување на 03.10.2025 година исто така прво ќе се извлечат 10 термоси; потоа 10 капи; потоа 10 маици; потоа 2 спортски торби; потоа 2 ваучери од МЕГА СПОРТ; потоа 2 слушалки Sony; потоа 1 часовник Garmin; потоа 1 Apple iPhone 16 и 1 спортски велосипед и кацига. **На крај, во посебно, седмо извлекување ќе се извлече и главната награда – вредносен ваучер за патување.**

- На 6-те неделни извлекувања покрај добитниците на 39 награди, ќе бидат извлечени уште 39 резервни добитници, а на последното 7. извлекување ќе бидат извлечени и 3

резервни добитници за главната награда вредносен ваучер за патување, во случај некој од добитниците да не ги исполнува условите.

- Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот во случај да е извлечен добитник кој според овие правила нема право на учество во оваа наградна игра. Во таков случај наградата ќе ја добие првиот резервен добитник, а доколку постои уште една пречка за доделување на главната награда, наградата ќе ја добие вториот резервен добитник. Доколку постои пречка за доделување на наградата на резервниот добитник, односно и на вториот или пак на третиот резервен добитник за главната награда, таа награда останува недоделена и му останува на Нарачателот на наградната игра (Пивара Скопје АД).

- Податоците во приложената фискална сметка треба да соодветствуваат со податоците испратени на СМС-пораката која е извлечена како добитник. Организаторот нема да сноси никаква одговорност за СМС-пораките што не ги содржат потребните информации и нема да бидат земени предвид како валидни.

**Член 9 ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ:**

Сите телефонски броеви и испратените пораки со број на фискалната сметка, датум и време на купување на добитиците од секое извлекување на наградите, ќе бидат јавно објавени на збирна листа на веб-страницата на Пивара Скопје АД - www.polnacasa.mk, најдоцна 3 дена по извлекувањата на наградите. Објавата на телефонскиот број ќе биде во следниот формат: 07X 111 1XX, со цел да се заштити идентитетот на добитниците на наградите. Добитниците на награди со самото учество во наградната игра се согласни, доколку бидат извлечени за некоја награда, нивниот телефонски број (без последната цифра од префиксот и без последните 2 цифри од телефонскиот број) да биде јавно објавен на горенаведената интернет-страница.

**Член 10. НАЧИН НА ПОДИГАЊЕ НА НАГРАДАТА:**

Секој добитник на награда ќе биде исконтактиран од одговорно лице од Организаторот на наградната игра. Откако ќе се увиди дека ги исполнува условите за да ја добие наградата, во зависност од неговите можности и преференци, ќе има можност да ја добие во рок од 60 дена по објавувањето на добитниците на еден од следните начини:

- Првиот начин е лично да ја подигне наградата во просториите на Организаторот на ул. „Наум Наумовски – Борче" бр. 40, кат 4, 1000 Скопје во периодот од 10 до 16 ч. секој работен ден од понеделник до петок, со задолжително приложување на фискалната сметка за купените производи, како и документ за лична идентификација (како доказ дека лицето е полнолетно), што се услови да ја добие наградата.

Ова е единствениот начин на кој добитникот на главната награда и наградите ваучери од МЕГА СПОРТ ќе може да си ја подигнат наградата, доаѓајќи во просториите на Организаторот на ул. „Наум Наумовски – Борче" бр. 40, кат 4, 1000 Скопје во периодот од 10 до 16 ч. секој работен ден од понеделник до петок, со задолжително приложување на фискалната сметка за купените производи како и документ за лична идентификација (како доказ дека лицето е полнолетно), што се услови да ја добие наградата. По верификација на добитникот на главната награда, Организаторот ќе проследи соодветни информации до туристичката агенција која на мејл адресата на добиникот ќе испрати ваучер за патување во вредност од 90.000,00 денари во електронска форма, со што наградата ќе биде конечно доделена. Добитникот ги договара типот на патување и другите детали непосредно со туристичката агенција. Ваучерите од МЕГА СПОРТ ќе бидат физички доделени на добитниците од страна на Организаторот во неговото седиште, согласно условите наведени претходно.

- Вториот начин е сите награди (освен главната награда и наградите слушалки Sony, часовник Garmin, Apple iPhone 16 мобилен телефон и спортски велосипед и кацига) да бидат доставени на домашна адреса со курирска служба. Трошокот за достава на наградите по курирска служба ќе биде на товар на Организаторот. Добитникот кој го избрал овој начин за достава, ќе биде контактиран од оператор ангажиран од Организаторот, на телефонскиот број преку кој е регистриран за учество. Податоците кои добитникот треба да ги достави се: име, презиме и адреса, со цел наградата да може да му се достави. Целта на користење и трансферот на податоци од страна на Организаторот е исклучително да помогне во спроведувањето и во администрирањето на учеството во наградната игра, односно заради идентификација на лицето, проверка на правото за учество во наградната игра и за доделување на наградата, преку увид во личната карта на добитниците и достава на посочената адреса. Со ова добитникот е согласен податоците за испорака (име, презиме, улица, број и град), односно овие лични податоци да бидат проследени до операторот за контакт ангажиран од Организаторот. За наградите за кои ќе биде потребна достава од курирска служба, Организаторот ќе ги сподели следниве податоци за добитникот: име, презиме и адреса за достава и телефонскиот број со кој учесникот се регистрирал, со цел курирската служба да ја достави наградата непречено. При преземањето на наградите од курирската служба, добитниците се должни да докажат дека ги исполнуваат условите за добивање на наградата во целост, односно дека се полнолетни, да се идентификуваат со документ за лична идентификација и задолжително да ја приложат фискалната сметка за купените производи со која се пријавиле за учество во наградната игра како услов да ја добијат наградата, како и да ја потпишат потврдата за примопредавање/преземање на наградата.
- Добитниците не може да ги заменат своите ваучери за паричен износ, ниту пак за кој било друг предмет. Вредноста на наградата не е делива и се искористува одеднаш во целост. Сите 235 добитници ќе добијат потврда за добивка подготвена и заверена од Организаторот на наградната игра ЕПП Комјуникејшенс ДОО Скопје. Во потврдата ќе бидат наведени личните податоци (име и презиме) на добитникот на наградата и видот на наградата. Личните податоци од потрошувачите, ќе бидат земени само со цел издавање официјална потврда за добивка на добитниците. Потврдите за добивка ќе бидат доставени лично или од страна на курирска служба во зависност од тоа кој начин на достава на наградата добитникот ќе го одбере.
- Наградите слушалки Sony, часовник Garmin, Apple iPhone 16 мобилен телефон и спортски велосипед и кацига, ќе се подигнуваат директно и непосредно во продажните места на Техномаркет наведени во Прилог 3 кон овие Правила, во текот на нивното работно време секој работен ден од понеделник до петок, со задолжително приложување на потврдата за добивка добиена од Оранизаторот како и документ за лична идентификација (како доказ дека лицето е полнолетно), што се услови да ја добие наградата.
- Наградата Вредносен ваучер од МЕГА СПОРТ ќе може да се реализира (односно да се избере производ од МЕГА СПОРТ согласно ваучерот) директно во кое било од продажните места на МЕГА СПОРТ наведени во Прилог 4 кон овие Правила, секој работен ден во рамките на нивното работно време со приложување на ваучерот подигнат од седиштето на организаторот како што е опишано погоре.

  Сите потврди за добивка кои ќе бидат издадени за времетраењето на играта и во кои потрошувачите ќе внесат свои лични податоци т.е. единствено име и презиме, ќе бидат чувани во просториите на Организаторот ЕПП Комјуникејшенс ДОО ул. „Наум Наумовски - Борче“ бр. 40, кат 4, 1000 Скопје, најмногу 3 месеци, односно 6 месеци за добитникот на главната награда, по завршувањето на наградната игра.

## Член 11. ПРАВО НА ПРИГОВОР

Играчот има право да поднесе писмен приговор до Организаторот на наградната игра во рок од 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на резултатите.

Организаторот има обврска писмено да одговори на приговорот на играчот во рок 5 (пет) работни дена сметано од денот на добивањето.

## Член 12. ГРЕШКИ

Во случај на печатни грешки во рекламните материјали, прекини на можноста за испраќање СМС-пораки од страна на телефонските оператори или грешки во текстот на повратните пораки (опишани во членот 7 погоре) Организаторот, ниту пак Нарачателот нема да се сметаат за одговорни.

## Член 13. ОДГОВОРНОСТ

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Нарачателот (Пивара Скопје АД).
- Организаторот ќе биде одговорен до целосна реализација на наградите, односно до подигнувањето на наградите или најдоцна до 60 дена од денот на објавувањето на добитниците.
- Со плаќањето на данокот на личен доход и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот и Нарачателот немаат никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.
- Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.
- Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку биде извлечен за некоја од наградите, да биде објавен телефонскиот број (без последните две цифри) од кој е испратена пораката на веб-страницата www.polnacasa.mk.
- Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку потроши поголема сума пари.
- Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови, доколку не е во можност да ја приложи соодветната фискална сметка или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

## Член 14. СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Добитниците на награда – термос, капа, маица, спортска торба, ваучер од МЕГА СПОРТ и слушалки Sony, се согласни при подигањето на наградата до Организаторот да ги достават следните податоци: име, презиме, телефонски број за контакт, фискалната сметка чии податоци се испратени на СМС-пораката која е извлечена како добитник, како и адреса за испорака на наградата (доколку го избрале овој начин на достава). Исто така, секој од добитниците е согласен при подигање на наградата да се изврши увид во неговата лична карта, со цел утврдување на правото на учество во наградната игра, односно дали лицето е полнолетно. Во овој случај, прибавените лични податоци ќе се чуваат 3 (три) месеци по завршувањето на наградната игра. По завршување на наградната игра, личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на Организаторот и нема да се обработуваат за други цели.

Добитникот на главната награда - **вредносен ваучер за патување** и добитниците на спортски велосипед и кацига, Apple iPhone 16 и часовник Garmin, се согласни при

подигањето на наградата до Организаторот да ги достават следните податоци: име, презиме, единствен матичен број, телефонски број за контакт, фискалната сметка чии податоци се испратени на СМС-пораката која е извлечена како добитник како и адреса за испорака на наградата (доколку го избрале овој начин на достава, освен за главната награда) и се согласни да се изврши увид во нивната лична карта, со цел нивна идентификација и утврдување на правото на учество во наградната игра, односно дали лицата се полнолетни. Организаторот овие лични податоци ќе ги употреби единствено со цел плаќање на данокот на личен доход и за таа цел заедно со името, презимето и матичниот број на добитниците ќе ги достави на надлежната даночна управа. Во овој случај, личните податоци прибавени од добитникот на главната награда и добитниците на спортски велосипед и кацига, Apple iPhone 16 и Garmin часовник ќе се чуваат 5 (пет) години по завршувањето на наградната игра. По завршување на наградната игра, личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на Организаторот и нема да се обработуваат за други цели.

Целта на собирањето, обработката, користењето и трансферот на личните податоци од страна на Организаторот е спроведување и администрирање на наградната игра, објавување на добитниците на веб-страницата на Пивара Скопје АД www.polnacasa.mk, доделување на наградите и исполнување на сите законски обврски по повод реализацијата на наградната игра.

Дадената согласност за користење на личните податоци од страна на Организаторот и Нарачателот Пивара Скопје АД и согласноста за пренос на истите, добитниците имаат право да ја отповикаат во секој момент, со доставување на Барање, врз основа на која личните податоци ќе се исклучат од понатамошното користење.

Доколку добитниците не ги достават наведените податоци на Организаторот, побараат нивно бришење пред доделување на наградите и/или не се полнолетни, наградата нема да може да им биде доделена.

Организаторот и Нарачателот ќе ги користат и обработуваат личните податоци на добитниците исклучиво за целите на наградната игра и тоа поради идентификација на добитникот, поради проверка на правото за учество во наградната игра и за доделување на наградата. Вршењето увид во личната карта е потребно за да се утврди правото на учество во наградната игра.

Од страна на ЕПП Комјуникејшнс ДОО Скопје, Пивара Скопје АД Скопје и НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа наградна игра. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку тоа е потребно за изведување на наградната игра согласно закон.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува во период од 6 месеци по завршувањето на наградната игра, односно во период од 5 години за добитниците на награди за кои Организаторот уплатил данок со цел усогласување со законските барања од областа на даноците и даночната постапка и дека во овој период ќе применува технички и организациски мерки кои ќе обезбедуваат соодветен степен на тајност и заштита на лични податоци на субјектите на лични податоци. По истекот на рокот за чување на личните податоци, Организаторот ќе ги уништи согласно неговите процедури за уништување документи, а според прописите за заштита на лични податоци.

Пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација може да се изврши кога Агенцијата ќе процени дека третата земја или меѓународната организација обезбедува соодветно ниво на заштита, односно кога ќе оцени дека контролорот и обработувачот имаат обезбедено соодветни заштитни мерки, а во случај пренос на лични

податоци во земја членка на Европска унија, односно земја членка на Европскиот економски простор, контролорот или обработувачот е должен да ја извести Агенцијата.

## ПРАВА НА ПРИСТАП, ИСПРАВКА, БРИШЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Доколку личните податоци кои учесниците ги имаат наведено заради учество во наградната игра се неточни или нецелосни, имаат право од Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје да побараат податоците да бидат исправени. Барањето за исправка на личните податоци можат да го извршат преку доставување на Барање за исправка на личните податоци по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски-Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака „За Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса: office@epp.mk. Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје ќе постапи по доставеното Барање за исправка на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето. Доколку учесниците во наградната игра сакаат нивните лични податоци да бидат избришани, односно да го искористат правото „да бидат заборавени“ согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци, тоа може да се направи со доставување на Барање за бришење на лични податоци, по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски Борче бр. 40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака „За Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса office@epp.mk. Барањето за бришење на лични податоци може да се достави доколку:

1) Личните податоци повеќе не се потребни за спроведување / организирање на наградната игра;

2) При повлекување на согласноста за обработка на личните податоци;

3) При поднесување на приговор на обработката на личните податоци, при што не постојат преовладувачки легитимни цели за обработката од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје.

Обработката на личните податоци може да се ограничи по претходно барање кое се доставува по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“со назнака „За Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса: office@epp.mk, доколку е исполнет некој од следните услови:

- доколку се оспорува точноста на личните податоци, за период кој му овозможува на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје да ја провери точноста на личните податоци;

- обработката е незаконска и учесникот се спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо бришење бара ограничување на нивната употреба;

- Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје нема повеќе потреба од личните податоци за целите на обработка, но учесникот ги бара со цел за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.

Доколку учесникот смета дека обработката на неговите лични податоци за цел на спроведување/организирање на наградната игра од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое негово право за заштита на личните податоци, може да се обрати до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и за заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e Financave
Скопје / Shkup
VI

**Член 15. ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, согласно чл. 9 од Законот за игри на среќа и забавни игри, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот, по известувањето и добиената согласност од Министерството за финансии, треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекинување преку соопштение во медиумите.

**Член 16. РОКОТ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Најдоцна 60 дена сметано од денот на објавувањето на збирната листа на добитници на веб-страницата на Пивара Скопје АД - www.polnacasa.mk,

**Член 17. ПОТЕНЦИЈАЛНИ СПОРОВИ**

Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра, надлежни се соодветните стварно и месно надлежни судови во Скопје.

**Член 18. ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА:**

Во наградната игра не можат да учествуваат вработените на Организаторот ЕПП Комјуникејшнс ДОО Скопје, НТХ МЕДИА ДОО Скопје и вработените во ПИВАРА АД Скопје, како и членовите на нивните поблиски семејства. Организаторот ќе го утврдува постоењето на некоја од пречките за учество по прием на приговор или друг облик на веродостојна информација за нивното постоење.

**Член 19. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРАТА:**

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и ќе важат сè до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

Правилата на наградната игра ќе бидат објавени на веб-страницата на Пивара Скопје АД - www.polnacasa.mk пред започнување на наградната игра, односно по добивањето согласност за приредување на наградна игра од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Воедно, потрошувачите ќе можат сите информации да ги добијат на инфо линијата 072 213 449 секој работен ден од 9 до 17 ч, преку СМС-пораки испратени на истиот број, од печатениот промотивен материјал кој ќе биде достапен на продажните места на кои ќе се организира наградната игра, од промотивните најави на социјалните мрежи и дигиталните медиуми.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

Управител,
Мишко Ѓошев

ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОПАГАНДА
ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО
СКОПЈЕ

## ПРИЛОГ БР. 1

## СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ ОД ОД ПОРТФОЛИОТО НА ROSA, FUZE TEA И POWERADE НА ПИВАРА СКОПЈЕ АД КОИ ЌЕ БИДАТ ДЕЛ ОД НАГРАДНАТА ИГРА „ОСВЕЖИ СЕ И ОСВОЈ ВРЕДНИ НАГРАДИ”

| Ред. број | НАЗИВ НА ПРОИЗВОДОТ |
|---|---|
| 1 | 0.50 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 2 | 0.50 л FUZETEA PEACH & ROSE ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 3 | 0.50 л FUZETEA LEMON & LEMONGRASS ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 4 | 0.50 л FUZETEA FOREST FRUIT ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 5 | 0.50 л POWERADE GOLDEN MANGO ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 6 | 0.50 л POWERADE MOUNTAIN BLAST ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 7 | 0.50 л POWERADE ZERO MOUNTAIN BLAST ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |

## ПРИЛОГ БР. 2

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ ОД ПОРТФОЛИОТО НА ROSA И FUZE TEA КОИ НЕМА ДА БИДАТ ДЕЛ ОД НАГРАДНАТА ИГРА „ОСВЕЖИ СЕ И ОСВОЈ ВРЕДНИ НАГРАДИ"**

| СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ |
|---|
| 0.33 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО НЕПОВРАТНА СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА |
| 0.33 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 0.50 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА ВО МУЛТИПАК ПАКУВАЊЕ |
| 0.75 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО НЕПОВРАТНА СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА |
| 0.75 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 1.5 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 1.5 л ROSA НЕГАЗИРАНА МИНЕРАЛНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА ВО МУЛТИПАК ПАКУВАЊЕ |
| |
| 0.33 л ROSA ГАЗИРАНА ВОДА ВО НЕПОВРАТНА СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА |
| 0.50 л ROSA ГАЗИРАНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 0.75 л ROSA ГАЗИРАНА ВОДА ВО НЕПОВРАТНА СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА |
| 1.5 л ROSA ГАЗИРАНА ВОДА ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| |
| 1.5 л FUZETEA PEACH & ROSE ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 1.5 л FUZETEA LEMON & LEMONGRASS ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |
| 1.5 л FUZETEA FOREST FRUIT ВО ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА |

## ПРИЛОГ 3.

### ЛИСТА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ТРГОВСКИОТ ЛАНЕЦ ТЕХНОМАРКЕТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА

| |
|---|
| **Техномаркет дирекција**, ул.1732 бр. 2, Градски стадион, Скопје |
| **Техномаркет Охрид**, ул.7-ми Ноември бр. 286, Охрид |
| **Техномаркет ПАРК**, ул.1732 бр. 2, Градски стадион, Скопје |
| **Техномаркет Штип**, ул.Карл Маркс бр. 60 локал 2, Дујле, Штип |
| **Техномаркет Струга**, ул.Маршал Тито бр.106, Струга |
| **Техномаркет Струмица**, ул.Климент Охридски 180, Струмица |
| **Техномаркет Кисела Вода**, ул. Борис Трајковски, бр. 23, Скопје |
| **Техномаркет Велес**, ул.Маршал Тито 65, Велес |
| **Техномаркет Кочани**, ул.Тодосија Паунов, Кочани |
| **Техномаркет Гостивар**, Илинденска 256-а, Гостивар |
| **Техномаркет Бутел**, ул.Тале Христов бр. 4, Скопје |
| **Техномаркет Соравија**, ТЦ. Соравија – Приземје, Скопје |
| **Техномаркет Прилеп**, ул. Кузман Јосифовски 11/1-1 Прилеп |
| **Техномаркет Аеродром**, бул. Србија, број 48, 1000, Скопје |
| **Техномаркет Гевгелија**, ул. Гоце Делчев 64 -д, Гевгелија |
| **Техномаркет Грозд Битола**, ул. Јосиф Христовски бр. 15 (Зграда Грозд) Битола |
| **Техномаркет Тетово**, ул. Маршал Тито 130, Тетово |
| **Техномаркет Кавадарци**, Западен булевар бр .4, Кавадарци |
| **Техномаркет Капитол мол**, бул. Јане Сандански, број 71-а, Капитол мол -3 кат, Скопје |
| **Техномаркет Ѓорче Петров**, бул. Партизански одреди, бр.165 |
| **Техномаркет Дајмонд,** ул. Св Кирил и Методиј бр. 3, 1000 Скопје |

## ПРИЛОГ 4.

**ЛИСТА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ТРГОВСКИОТ ЛАНЕЦ МЕГА СПОРТ ДООЕЛ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА**

| |
|---|
| **Мега спорт ГТЦ 1- Скопје,** Кеј 13ти Ноември бб, ГТЦ Скопје; |
| **Мега спорт ГТЦ 2- Скопје,** Кеј 13ти Ноември бр 3, ГТЦ кат 1, лок.324, Скопје; |
| **Мега спорт City mall OUTLET- Скопје;** ул. Љубљанска бр. 6, Скопје; |
| **Мега спорт Бисер OUTLET- Скопје,** Бул. Јане Сандански бр. 84, ТЦ Бисер, кат 1, Скопје; |
| **Мега спорт Струмица,** ул. Гоце Делчев, локал 3, Струмица; |
| **Мега спорт Битола,** ул. Маршал Тито бр. 20, лок. 2, Битола; |
| **Мега спорт Прилеп;** ул. Трајко Сандански 1/А2-2, Прилеп; |
| **Мега спорт Тетово,** ул. Илинденска бр. 3, лок. 1, ТЦ Ловец, Тетово; |
| **Мега спорт Гостивар,** ул. Поштад Маршал Тито бр. 22, Гостивар; |
| **Мега спорт Охрид,** ул. Св.Климент Охридски бр. 44, Охрид; |
| **Мега спорт Струга,** ул. Маршал Тито бр. 63, Струга; |
| **Мега спорт Штип,** ул. Тошо Арсов бр. 32, Штип; |
| **Мега спорт Кавадарци,** ул. Пано Мударов бр. 8, Кавадарци; |
| **Мега спорт Кочани,** ул. Маршал Тито бр. 97, Кочани; |
| **Мега спорт Велес,** ул. Гоце Делчев бр. 10, Велес; |
| **Мега спорт Гевгелија,** ул. Маршал Тито бр. 124, Гевгелија; |